ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/7-5
Прилеп 30.12.2024 год.

Врз основа на член 456 точка 5 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп доставува:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА

1.Тутунски комбинат АД Прилеп заради реализација на откуп на тутун, има потреба да склучи со Комерцијална Банка АД Скопје Договор за рамковен револвинг кредит-лимит (РРКЛ) врз основа на заложно право врз подвижен и недвижен имот и обезбедување со меници на износ од 6.500.000,00 евра и со НЛБ Банка АД Скопје да склучи Договор за рамковен револвинг кредит лимит (РРКЛ) врз основа на заложно право врз подвижен и недвижен имот и обезбедување со меници на износ од 6.500.000,00 евра. Со тоа вкупното задолжување на Друштвото кон Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје ќе биде 13.000.000,00 евра.

2.Задолжувањето на Друштвото со цитираните договори за рамковен револвинг кредит-лимит (РРКЛ) врз основа на заложно право врз подвижен и недвижен имот и обезбедување со меници кај Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје, претставува зделка од голема вредност – 80% од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка и оваа зделка подлежи на правилата за одобрување на голема зделка според одредбите на Законот за трговските друштва и одредбите на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп

3.Предвид на горното Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп препорачува Собранието на акционери да ја одобри оваа зделка, но притоа потенцирајќи за правото на акционерите да не се согласат со предложената голема зделка, согласно одредбите од Законот за трговските друштва,

Тутунски комбинат АД Прилеп
Претседател на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

„Тутунски комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7